

**АмбасадоротПетре Наковски е еден од видните поранешни дипломати, кој покрај дипломатската дејност како прв амбасадор на независна Република Македонија во Република Полска, се занимава со пишување романи и преведување. Тоа готврди и со посленото ново опсежно дело под наслов „Ноќни белешки“ кое е публиакација на „Студенски сервис“ од Скопје, отпечатено на 810 страници, на македонски јази.**




**Амбасадорот** Петре Наковски е роден на 17 јули 1937 година во селото Крчишта (Палианемон), Костурско, Егејска Македонија. Тој е едно од децата протерани од своите корени во текот на Ѓраѓанската војна во Грција и расселени по целиот свет.

Неговото родно село Крчишта се наоѓа на дваесеттина километри западно од Костур во непосредна близина на грчко-албанската граница, сместено на површина на надморска височина од околу илјада метри. Како и голем број села во тој регион на Егејска

Македонија, до Граѓанската војна во Грција било чисто македонска населба. До неговото растурање и бришење од географската карта не претрпело никакви етнички измени, но народот од селето е рассеан насекаде во светот

Крчиште било мало македонско село со околу педесетина куќи, од кои имало одреден број печалбари во прекуокеанските земји во периодот меѓу двете светски војни. Меѓутоа, од 1961 година селото се испустило и се води без население. Десет години по протерувањето на Македонците, грчките „демократски“ власти како што направиле во најголемиот број македонски села, така и во Крчишта, населиле православни турски бегалци (Просфиги).

Заоа, амбазадорот Петре Наковски станал **бегалец во Полска а денес како скопски Преспанец со длабоки егејски корени, изградил прекрасен дом во Долно Дупени, недалеку од Преспанското Езеро, во близинана  Егејска Македонија каде поминува голем дел од неговите пензионерски денови, гледаји дел од Долна Препа под окупација на јуѓниот сосед,**

**Инаку, делото** „Ноќни белешки”, на амбасадорот Петре Наковски е дел од неговите настани во текот на неговиот петгодишен престој во Полска (1995 – 1999) како прв амбасадор на независна Република Македонија во Полска. Тоа е, всушност, фотодокументација од многубројните настани, во вид на мемоари, записи, дневник...Неговите белешки на непосреден начин говорат за неговите дипломатски искуства. Токму тоа е како белег за времето и можеби како дел од историјата на македонската дипломатија, но, во исто веме тоа е и како сведоштво во градењето на трајниот споменик на македонско-полското пријателство.


ВАРШАВА